ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 25-259/6

Дата: 15.03.2011

ДО

АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Предмет на Конечниот извештајот е извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Агенцијата за електронски комуникации за 2009 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Управата за телекомуникации за 2004 година како правен претходник на Агенцијата за електронски телекомуникации. Поради значењето на прашањата изнесени во извештајот, не е изразено мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, а во однос на законското и наменското трошење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година, изразено е негативно мислење.

Препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година се спроведени, дел од забелешките на работењето се надминати со новата законска регулатива, освен препораките за надминување на одделни ризици во ИТ работењето, при што истите останаа поради тоа што не постои обезбедување копија на податоци и копии од хард дисковите на конфигурираните сервери на надворешна локација, а изготвените политики и процедури за користење на информациониот систем не се одобрени од раководството.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи за 2009 година и во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата утврди исплати за дневници за службени патувања во земјата и странство во вкупен износ од 1,893 илјади денари, кои не се во согласност со Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што органите на управата им се признаваат во тековни трошоци.

Во 2009 година користени се услуги од еден фиксен и три мобилни оператори без претходно спроведена соодветна постапка за јавна набавка.

Агенцијата за електронски комуникации е независно регулаторно тело и е основана од Собранието на Република Македонија, како самостојно и непрофитно правно лице со јавни овластувања утврдени со Закон. Со последните измени на законот за електронски комуникации е пропишана законска обврска за распределување на вишокот на средствата од минатите години во корист на сметката на Буџетот на РМ.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност кои се состојат од Билансот на состојба и Билансот на приходи и расходи за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Управата за телекомуникации за 2004 година како правен претходник на Агенцијата за електронски телекомуникации.
Поради значењето на прашањата изнесени во извештајот, не е изразено мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, а во однос на законското и наменското трошење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година, изразено е негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Петар Иваноски, директор на Агенцијата

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола, релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на разумни сметководствени проценки во дадените околности.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Агенцијата за електронски комуникации се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.
Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во

согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 02/11/2010 до 24/12/2010 година од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на претходната ревизијата - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2004 година за извршената ревизија на Управата за телекомуникации, која е правен претходник на Агенцијата за електронски комуникации.

Препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година се спроведени, дел од забелешките на работењето се надминати со новата законска регулатива, освен препораките за надминување на одделни

ризици во ИТ работењето, при што истите останаа поради тоа што не постои обезбедување копија на податоци и копии од хард дисковите на конфигурираните сервери на надворешна локација, а изготвените политики и процедури за користење на информациониот систем не се одобрени од раководството (Прилог број 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата – предмет на ревизија.

Во законскиот период за поднесување на забелешки на Нацрт извештајот не се добиени забелешки од одговорното лице на Агенцијата.

### 4.1. Интерни контроли

Во текот на ревизијата утврдени се одредени ризици во ИТ работењето кои можат да резултираат до губење на податоци и кои се во спротивност на меѓународните ревизорски стандарди, а се однесуваат на:

- Не постоење копија на податоци од работењето како и копии од хард дисковите на конфигурираните сервери на надворешна локација;
- Донесување на официјални политики и процедури за користењето на информациониот систем, план за континуитет во работењето и опоравување од катастрофа.

Наведената состојба е констатирана и со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година.
Од страна на ревизијата е констатирано дека политиките и процедурите за користењето на информациониот систем се изготвени во Конечен верзија, но не се одобрени од страна на раководството.

**Препорака:**

Одговорното лице да преземе мерки за обезбедување копија на податоци на надворешна локација, а изготвените ИТ политики, процедури и планови да ги одобри.

### 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Со увид во финансискиот извештај Билансот на состојба, ревизијата утврди искажани побарувања по основ на издадени концесии кои претставуваат неосновано очекувани приливи на парични средства на сметката на Агенцијата во вкупен износ од 102.469 илјади денари. Имено,

во периодот од 2002 до 2004 година, Агенцијата за електронски комуникации извршила надоместување на побарувањата по основ на издадени концесии кои се приходи врз основа на обврзници од старото девизно штедење и обврзници од денационализација. Имајќи предвид дека наплатата на овие обврзници е приход на Буџетот на Република Македонија овие побарувања треба да се искнижат од оваа сметка и да се евидентираат вонбилансно.

**Препорака:**

Одговорното лице да изврши искнижување на побарувањата по основ на обврзниците од сметководствената евиденција и истите да бидат евидентирани вонбилансно.

4.2.2. За дневници за службени патувања во земјата и странство, на членовите на Комисијата, во текот на 2009 година исплатени се средства во вкупен износ од 1, 893 илјади денари. Имајќи го предвид потрошениот износ, ревизијата не се увери дека средствата се потрошени во согласност со антикризните мерки на Владата, бидејќи при службените патувања лицата не се воздржале од користење на хотели од повисоки категории од дозволеното согласно Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што органите на управата им се признаваат во тековни трошоци.

**Препорака:**

Комисијата во функција на економично работење да го преиспита трошењето средства по основ на службени патувања и да ги применува одредбите од наведената уредба.

4.2.3. Со увид во сметководствената документација ревизијата констатира дека од ставката Плати наемнини и надоместоци, исплатени се 1,103 илјади денари за награда на вработените, а по разни основи парично се казнети вработени во вкупен износ од 148 илјади денари. За наградите, односно казните, Агенцијата нема акт со дефинирани критериуми за наградување и казнување, поради што истите се исплатени односно изречени врз основа на лично убедување на претпоставен дека работната задача е, односно не е квалитетно извршена. Ревизијата укажува дека антикризните мерки на Владата на Република Македонија препорачуваат задолжително да се укинат бонусите и кај агенциите.

**Препорака:**

Комисијата да донесе акт за дефинирање на критериумите за регулирање на наградите/казните на вработените за извршеното.

### 4.3. Користење на средствата согласно законските прописи

4.3.1. Во 2009 година користени се услуги од еден фиксен и три мобилни оператори без претходно спроведена соодветна постапка за јавна набавка. Агенцијата за електронски комуникации ја спровела набавката за фиксен оператор на 23.07.2009 година, а склучила договор на 21.12.2009 година. За мобилен оператор постапката започнала во 2009 год, но до 2010 година не е склучен договор. Според укажувањата на одговорните лица, како причина за не спроведување на јавна набавка за овие услуги е наведено непостоењето на соодветни стандардни критериуми за оценување на понудите на операторите и начинот на дефинирање на критериумите. Не спроведување на набавки во износ од 4,068 илјади денари го доведува во прашање економичното и рационалното користење на средствата на Агенцијата.

## 5. Ревизорско мислење:

Според наше мислење финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за електронски комуникации на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

Согласно меѓународниот стандард за ревизија 701 – Модификација на извештајот на независниот ревизор, точка 5, се додава пасус за нагласување на прашање кое влијае на финансиските извештаи, но истиот нема влијание на ревизорското мислење.

6.1. Управата за електронски комуникации како правен претходник на Агенцијата, во 2001 година врз основа на договорот склучен помеѓу Експорт Импорт банка и Министерството за транспорт и врски има исплатено средства во износ од 50.000 илјади денари на сметката на Експорт Импорт банка, како наменски орочен депозит за финансирање на субјектот Оригинал Индиго ДОО Штип. Исплатата е спротивно на одредбите од Законот за буџетите. Во меѓувреме врз банката е спроведена стечајна постапка. Агенцијата доставила писмено барање во месец март 2010 година до стечајниот управник за да се добие информација дали побарувањето по основ на овој депозит е вклучено во стечајната маса, но до денот на ревизијата не е добиен одговор. Во текот на месец мај 2010 година Агенцијата има доставено писмено барање до Министерството за транспорт и врски за добивање информација за реализација на Пријавата за побарување по основ на депозитот. До денот на ревизијата не е добиен одговор. Овој вид барање е повторно доставено до Министерството за транспорт и врски во текот на месец септември 2010 година, но и за ова барање не е добиен одговор. Имајќи предвид дека наведената банка подолго време не функционира, оценет е висок ризик за наплатување на побарувањата.

6.2. Новите измени на Законот за електронски комуникации, во член 88-а е пропишана обврска вишокот на приход по оданочување утврден врз основа на финансиските извештаи за 2005, 2006, 2007 и 2008 година Агенцијата да ги уплати на сметката на Буџетот на Република Македонија во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон, при што истиот треба да се намени за развој на дигиталната терестријална телевизија во Република Македонија, односно за реализација на Акцискиот план за премин од аналогно во дигитално терестријално телевизиско емитување. Ревизијата укажува дека со Законот за електронски комуникации, Агенцијата е дефинирана како независно регулаторно тело, самостојно и непрофитно правно лице кое управува и ги користи имотот и средствата доделени за работа, поради што наведените измени не се во прилог на статусот на Агенцијата.
Исто така, одредбите од член 88-а се контрадикторни со одредбите од член 26, став 6 според кои нереализираните средства од годишниот финансиски план на Агенцијата од претходната година се пренесуваат во годишниот финансиски план на Агенцијата за наредната година.

Од друга страна, доколку се има предвид мислењето од Министерството за финансии, број 11-998/2 од 22/03/2006 година, според кое Агенцијата треба да води сметководство според законската регулатива за непрофитни организации, се доведува во прашање оправданоста на енормно

искажаниот вишок на приходи по основ на надоместоците кои се предвидени со законот. Имајќи предвид дека Агенцијата има регулаторна улога, се подразбира дека овој вишок е резултат на цени што граѓаните ги плаќаат за услугите на операторите кои пак се обврзници за плаќање на законски дефинираните надоместоци.

6.3. Значаен дел од средствата на Агенцијата, во износ од 1,316,074 илјади денари се користени за купување на државни записи. Оваа активност не е предвидена во Финансискиот план на Агенцијата, и ја намалува независноста утврдена со Законот.

Скопје, 14/03/2011 година

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги | 435,135 | 410,649 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 35,618 | 31,333 |
| Приходи од донации | 599 | 0 |
| Други приходи | 5,942 | 989 |
| Вонредни приходи | 261 | 30 |
| **Вкупно приходи** | **477,555** | **443,001** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 70,182 | 54,848 |
| Материјални расходи и услуги | 21,675 | 24,538 |
| Други расходи | 31,258 | 31,719 |
| Капитални и други средства | 1,738 | 33,834 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 799 | 897 |
| Вонредни расходи | 4,880 | 689 |
| **Вкупно тековни расходи** | **130,532** | **146,525** |
| **Вкупно расходи** | **130,532** | **146,525** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **347,023** | **296,476** |

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 613,619 | 932,644 |
| Хартии од вредност | 755,870 | 102,458 |
| Побарувања | 478,256 | 425,706 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 50,010 | 50,010 |
| Други краткорочни побарувања | 1,961 | 798 |
| Побарувања од државата и други институции | 11,004 | 9,078 |
| Активни временски разграничувања | 6,202 | 2,044 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,916,922** | **1,522,738** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 20,890 | 19,767 |
| Материјални средства | 94,745 | 74,255 |
| Материјални средства во подготовка | 7,891 | 7,891 |
| **Вкупно постојани средства** | **123,526** | **101,913** |
| **Вкупна актива** | **2,040,448** | **1,624,651** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5,868 | 1,853 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 952 | 948 |
| Обврски спрема државата и други институции | 10,993 | 14,046 |
| Други краткорочни обврски | 447 | 377 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,506,659 | 1,113,776 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,524,919** | **1,131,000** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 119,943 | 101,647 |
| Ревалоризациона резерва | 3,582 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **123,525** | **101,647** |
| **Извори на други средства** | **392,004** | **392,004** |
| **Вкупна пасива** | **2,040,448** | **1,624,651** |

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Извори на капиртални средства | Ревалоризациона резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **101,647** | | **101,647** |
| **Зголемување по основ на:** | **56,503** | **3,580** | **60,083** |
| Набавки | 1,499 | | **1,499** |
| Корекција по одлука на Комисијата | 55,004 | | **55,004** |
| Ревалоризација на капитални средства | | 3,580 | **3,580** |
| **Намалување по основ на:** | **38,205** | | **38,205** |
| Расходувана опрема | 54 | | **54** |
| Амортизација за тековна година | 38,151 | | **38,151** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **119,945** | **3,580** | **123,525** |